# Број 10
# 09.07.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи

Јули, 2026

1.Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 118 став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Градоначалникот на Општина Делчево донесе

## РЕШЕНИЕ
## за констатирање престанок на мандат на вршител на должност-директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево

1. Мандатот на вршител на должност – директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево, Сашко Ивановски, престанува поради избор на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево, заклучно со ден 13.05.2026 година.

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Делчево, Бр.08-2728/1 од 01.12.2025 година.

3. Ова Решение влегува во сила на ден 13.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, бр. 08-2728/1 од 01.12.2025 година Сашко Ивановски беше избран за вршител на должност– директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево, до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Согласно со член 118 став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 74/25 и250/25), пропшано е дека „Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување".

Со оглед на фактот дека од страна на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка за избор со доставување на Предлог -кандидат за избор на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево, па со именувањето на директорот, вршителот на должноста директор, престанувана да ги врши работите. Согласно со тоа на истиот му престанува мандатот на должноста вршител на должност – директор.

Согласно со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од добивањето до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-1620/1
12.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

2.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 115 став 1 и став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), а постапувајќи по Предлогот за избор на директор на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево бр.02-159/3 од 06.05.2026 година, Градоначалникот на Општина Делчево донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево

1. За директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево, **СЕ ИЗБИРА Сашко Ивановски,** вработен во училиштето, сметано од 14.05.2026 година .

2. Директорот на училиштето од точка 1 на ова Решение се избира со мандат од 4 (четири) години.
3. Ова Решение влегува во сила на ден 14.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

Образложение

Од страна на Градоначалникот на Општина Делчево беше донесена Одлука со која се задолжи Училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево. Постапувајќи согласно со оваа Одлука и согласно со одредбите од член 115 од Законот за основното образование од страна на Училишниот одбор беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка согласно со која до градоначалникот на Општина Делчево на ден 08.05.2026 година беше доставен Предлогот на кандидат за избор на директор на Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски " Делчево бр.02-159/3 од 06.05.2026 година, а заведен под наш архивски бр.08-1307/2.

Од доставениот предлог за избор на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево се утврди дека Училишниот одбор на ден 23.04.2026 година има објавено Јавен оглас за избор на директор во три дневни весници. На Седницата одржана на ден 05.05.2026 година Комисија составена од три члена ги има разгледано документите и има утврдено дека по Јавениот оглас се пријавил само еден кандидат кој ги исполнува условите и со него е спроведено интервју од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието. По извршеното гласање на членовите на Училишниот одбор е донесен горенаведениот Предлог согласно со кој за директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке" Делчево се предлага да биде избран кандидатот **Сашко Ивановски**.

Согласно со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) пропишано е дека, градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно со член 115 став 12 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му предлага кандидат за избор на директор. Согласно со став 14 од истиот член е пропишано дека градоначалникот, во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот го именува предложениот кандидат за директор на основно училиште. Согласно став 1 од истиот член е пропишано дека Директорот на општинско основно училиште го избира градоначалникот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште

Врз основа на горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се вложи жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-1307/3
12.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

**3.**Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 118 став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), Градоначалникот на Општина Делчево донесе

## РЕШЕНИЕ
## за констатирање престанок на мандат на вршител на должност-директор на Општинското основно училиште „Св. Климент Охридски“ Делчево

1. Мандатот на вршител на должност – директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, **Димитар Видимлиски**, престанува поради избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, заклучно со ден 13.05.2026 година.
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Делчево, Бр.08-2602/1 од 17.11.2025 година.
3. Ова Решение влегува во сила на ден 13.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, бр. 08-2602/1 од 17.11.2025 година **Димитар Видимлиски** беше избран за вршител на должност– директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Согласно со член 118 став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), пропшано е дека „Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување“.

Со оглед на фактот дека од страна на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка за избор со доставување Предлог-кандидат за избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, па со именувањето на директоротот, вршителот на должноста директор, престанувана да ги врши работите. Согласно со тоа на истиот му престанува мандатот на должноста вршител на должност – директор.

Согласно со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од добивањето до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-1619
12.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

4. Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 115 став 1 и став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), а постапувајќи по Предлогот за избор на директор на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево бр.02-243/2 од 06.05.2026 година, Градоначалникот на Општина Делчево донесе

## РЕШЕНИЕ
## за избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево

1. За директор на Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево, **СЕ ИЗБИРА Димитар Видимлиски,** вработен во училиштето, сметано од 14.05.2026 година.

2. Директорот на училиштето од точка 1 на ова Решение се избира со мандат од 4 (четири) години.
3. Ова Решение влегува во сила на ден 14.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

## Образложение

Од страна на Градоначалникот на Општина Делчево беше донесена Одлука со која се задолжи

Училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево. Постапувајќи согласно со оваа Одлука и согласно со одредбите од член 115 од Законот за основното образование од страна на Училишниот одбор беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка согласно со која до градоначалникот на Општина Делчево на ден 07.05.2026 година беше доставен Предлогот на кандидат за избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево бр.02-243/2 од 06.05.2026 година , а заведен под наш архивски бр.08-1306/2.

Од доставениот предлог за избор на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево се утврди дека Училишниот одбор на ден 22.04.2026 година има објавено Јавен оглас за избор на директор во три дневни весници. На Седницата одржана на ден 30.04.2026 година Комисија составена од три члена ги има разгледано документите и има утврдено дека по Јавениот оглас се пријавил само еден кандидат кој ги исполнува условите и со него е спроведено интервју од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието. По извршеното гласање на членовите на Училишниот одбор е донесен горенаведениот Предлог согласно со кој за директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево се предлага да биде избран кандидатот **Димитар Видимлиски**.

Согласно член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) пропишано е дека, градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно со член 115 став 12 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му предлага кандидат за избор на директор. Согласно со став 14 од истиот член е пропишано дека градоначалникот, во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот го именува предложениот кандидат за директор на основно училиште.Согласно со став 1 од истиот член е пропишано дека директорот на општинското основно училиште го избира градоначалникот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште

Врз основа на горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се вложи жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

08-1306/3
12.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

**5.** Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024), 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25) и член 42 став 1, точка 16 од

Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за констатирање престанок на мандат на вршител на должност-директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево

1. Мандатот на вршителот на должност – директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, Виолета Гиздовска, престанува поради истекот на периодот на мандатот за кој е именувана, заклучно со 31.05.2026 година.
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Делчево, бр.08- 2729/1 од 01.12.2025 година.
3. Решението влегува во сила на ден 31.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, заведено под арх. бр. 08-2729/1 од 01.12.2025 година година Виолета Гиздовска беше избрана за вршител на должност– директор на Општинска јавна установа за деца - детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, со мандат до именување нов директор, а најмногу до шест месеци од денот на именувањето.

Согласно со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), е пропишано дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директоротот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Со оглед на фактот дека Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), предвидува периодот на траењето на мандатот на вршителот на должност директор најмногу до шест месеци од денот на именувањето, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од денот на приемот, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

08-1995/1
28.05.2026

Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

6.Врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), член 50 став 1, точка 9 и точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 и точка 16 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување вршител на должност директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево

1.За вршител на должност директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, се именува **Виолета Гиздовска** од Делчево, сметано од 01.06.2026 година.
2. Функцијата вршител на должноста на директор, именуваниот од точка 1 на ова Решение ќе ја врши до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3.Ова Решение влегува во сила на ден 01.06.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, беше констатиран престанок на мандат на вршител на должност Директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, поради истекот на периодот на мандатот за кој е именуван.

Со оглед на фактот дека на ден 27.04.2026 година, Градоначалникот на Општина Делчево донесе Одлука за задолжување на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево за објавување Јавен оглас за избор на директор, заведена под арх.бр. 08-1409/1 од 27.04.2026 година, а до Градоначалникот на Општина Делчево од Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, се уште не е пристигнат Предлог за избор на директор. Поради тоа, потребно е да се именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Имено, согласно со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), е пропишано дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Постапувајќи согласно со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22,

236/22,17/25,132/25 ), за вршител на должноста директор на Општинска јавна установа за деца-детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево од редот на вработените на установата се именува лицето Виолета Гиздовска.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од денот на приемот, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-1996/1
28.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски ,с.р.

7. Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за констатирање престанок на мандат на вршител на должност-директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево**

1. Мандатот на вршителот на должноста – директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево, Марија Сумрачка, престанува, поради избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево, заклучно со ден 27.05.2026 година.
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Делчево, бр.08-2714/1 од 28.11.2025 година.
3. Ова Решение влегува во сила на ден 27.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, бр.08- 2714/1 од 28.11.2025 година Марија Сумрачка беше именувана за вршител на должноста– директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница" Делчево, до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци .

Согласно со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), е пропишано дека до изборот на нов директор, управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

Со оглед на фактот дека од страна на Градоначалникот на Општина Делчево беше објавен

Јавен конкурс за избор на директор и беше спроведена постапка за избор на директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево со донесување Решение за избор на директор, па согласно со тоа, на вршителот на должноста – директор Марија Сумрачка и престанува мандатот на вршител на должност– директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево.

Согласно со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Број 08-1966/1
27.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски ,с.р.

8. Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 19-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево

1. За директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево СЕ ИЗБИРА кандидатот Марија Сумрачка од Делчево.

2. Мандатот на директорот на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево е во траење од 4 (четири) години, а со функцијата ќе отпочне од ден 28.05.2026 година.

3. Ова Решение влегува во сила на ден 28.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Образложение

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа, а согласно со член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Делчево распиша Јавен конкурс бр.08-1547/3 за избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево кој беше објавен на ден 13.05.2026 година во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“.

Комисијата формирана со Решение бр. 08-1547/4 од 15.05.2026 година, на ден 22.05.2026

година ги прегледа пристигнатите документи по објавениот Јавен конкурс за избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево и во предвидениот рок целокупната документација ја достави до Градоначалникот на Општината.

Градоначалникот на Општина Делчево ја разгледа целокупната документација по предметот, изврши увид во Записникот бр. 08-1547/7 од 22.05.2026 година и ја утврди следната фактичка состојба:

По објавениот Јавен конкурс за избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево, пристигнати се пријави од два кандидати и тоа Пријава бр.08-1547/5 пристигната на ден 18.05.2026 година од лицето Марија Сумрачка од Делчево која е навремено поднесена во рокот определен во Јавниот конкурс и кон неа се приложени сите потребни документи со кои се докажува исполнувањето на условите утврдени во Јавниот конкурс и Пријава бр.08-1547/6 пристигната на ден 18.05.2026 година од лицето Васко Костадинов од Делчево, која е навремено поднесена во рокот определен во Јавниот конкурс, но согласно со доставената документација во пријавата се утврди дека тој не го исполнува условот во делот на потребното работно искуство од најмалку 5 години. Имено, Решението за признавање и еквиваленција на странска високообразовна квалификација бр.24-1008163 на Министерството за образование и наука е донесено на ден 26.01.2026 година, што значи дека работното искуство на кое се повикува кандидатот е стекнато пред признавањето на дипломата во Република Северна Македонија, односно неговиот евидентиран работен стаж е со средно образование.

Согласно со член 23 став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и согласно со условите од точка 2 од Јавниот конкурс за избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево бр.08-1547/3, јасно е пропишано дека „За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: да е државјанин на Република Македонија, има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, има минимум 5 (пет) години работно искуство и поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT)- најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal)- најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First)- положен, БУЛАТС (BULATS)- најмалку 60 бода или АПТИС(APTIS)-најмалку ниво Б2(B2) или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски)“.

По дефиниција „Работно искуство во струка“ е периодот евидентиран во Агенцијата за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование.

Во Сентенца на Врховен суд на Република Македонија Рев.бр.371/03 е дадено правно мислење согласно со кое работно искуство претставува време поминато на работа после стекнувањето на одреден степен на образование и вршење работни задачи за кои е потребен таков степен на

образование.

Имајќи предвид дека горенаведеното е јасно дека условот од Законот за јавните претпријатија и од Јавниот конкурс во делот кандидатот да  има минимум 5 (пет) години работно искуство, се однесува на работно искуство стекнато по стекнување на високото образование, односно по признавање на дипломата како валидна во правниот поредок на Република Северна Македонија. Работното искуство стекнато пред признавањето на дипломата не може да се смета како работно искуство стекнато со  високо образование за исполнување на условите од конкурс и законот.

Дополнително, Градоначалникот на Општина Делчево смета дека Програмата за работа предложена од кандидатот Марија Сумрачка од Делчево е поконкретна, поцелосна и поусогласена со потребите и надлежностите на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево. Во неа се содржани јасно дефинирани цели, мерки и активности за подобрување на работењето на претпријатието, унапредување на комуналните услуги, финансиска стабилност и организациска ефикасност.

Од друга страна, Програмата доставена од кандидатот Васко Костадинов не содржи доволно разработени мерки и активности, ниту доволно конкретни насоки за развој и унапредување на работењето на претпријатието, поради што Градоначалникот  на Општина Делчево смета дека таа е со послаб квалитет и помал степен на разработеност.

Согласно со наведеното, Градоначалникот на Општина Делчево смета дека кандидатот Васко Костадинов не ги исполнува условите предвидени во Јавниот конкурс, додека кандидатката Марија Сумрачка од Делчево ги исполнува сите услови за избор на директор и има доставено поквалитетна и поиздржана програма за работа.

Согласно  со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) пропишано е дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на Јавен конкурс.

Согласно  со член 19-а став 4 од  Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) е пропишано дека градоначалникот на општината, односно на градот Скопје, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот 3 на овој член, донесува одлука за избор на директор.

Врз основа на целокупната документација, исполнетоста на условите, квалитетот на предложената Програма за работа и законските критериуми, за директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево е избрана кандидатката Марија Сумрачка од Делчево како кандидатка кој во целост ги исполнува условите од Јавниот конкурс и нуди најсоодветна Програма за работа и развој на претпријатието.

Врз основа на горенаведеното, се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Број 08-1547/8
27.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

9.Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 93-в став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на Р.М." бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 161/2019, 229/2020, 269/23,78/25, 132/25 и 250/25 ), Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање престанок на мандат на вршител на должност-директор на Средното општинско училиште ,,Методи Митевски Брицо" Делчево**

1. Мандатот на вршител на должност – директор на СОУ ,,Методи Митевски Брицо" Делчево, **Марина Синадиновски**, престанува поради избор на директор на СОУ ,,Методи Митевски-Брицо" Делчево, заклучно со ден 13.05.2026 година.

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Делчево, Бр.08-2946/1 од 19.12.2025 година;

3. Ова Решение влегува во сила на ден 13.05.2026 година,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Делчево, бр.08-2946/1 од 19.12.2025 година **Марина Синадиновски** беше избрана за вршител на должност– директор на СОУ ,,Методи Митевски Брицо" Делчево, до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Согласно со член 93-в став 6 од Законот за средното образование пропшано е дека „Вршителот на должноста на директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување".

Со оглед на фактот дека од страна на Училишниот одбор на Средното општинско училиште „Методи Митевски Брицо – Делчево" беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка за избор со доставување Предлог- кандидат за избор на директор на СОУ ,,Методи Митевски Брицо" Делчево, па со именувањето на директорот, вршителот на должноста директор, престанувана да ги врши работите. Согласно со тоа, му престанува мандатот вршител на должност – директор.

Согласно со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од добивањето до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09-1621/1
12.05.2026

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски, с.р.

10. Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 92-а став 12 од Законот за средно образование („Службен весник на Р.М." бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 161/2019, 229/2020, 269/23,78/25 и 132/25 ), а согласно со Предлогот на кандидат за избор на директор на СОУ „Методи Митевски Брицо" Делчево бр.02-334/2 од 07.05.2026 година на Училишниот одбор при СОУ „Методи Митевски Брицо" Делчево, Градоначалникот на Општина Делчево донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО" ДЕЛЧЕВО

1. За директор на Средното општинско училиште ,,Методи Митевски-Брицо" Делчево, СЕ ИЗБИРА Марина Синадиновски, вработена во училиштето, сметано од 14.05.2026 година.

2. Директорот на училиштето од точка 1 на ова Решение се избира со мандат од 4 (четири) години.
3. Ова Решение влегува во сила на ден 14.05.2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

Образложение

Од страна на Градоначалникот на Општина Делчево беше донесена Одлука со која се задолжи Училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор на СОУ „Методи Митевски - Брицо" Делчево. Постапувајќи согласно со оваа Одлука и согласно со одредбите од член 92-а од Законот за средното образование од страна на Училишниот одбор беше објавен Јавен оглас за избор на директор и беше спроведена постапка согласно со која до градоначалникот на Општина Делчево на ден 07.05.2026 година беше доставен Предлогот на кандидат за избор на директор на СОУ „Методи Митевски Брицо" Делчево бр.02-334/2 од 07.05.2026 година, а заведен под наш архивски бр.08-1308/2.

Од доставениот предлог за избор на директор на СОУ „Методи Митевски- Брицо“ Делчево се утврди дека  Училишниот одбор на ден 22.04.2026 година има објавено Јавен оглас за избор на директор во три дневни весници. На Седницата одржана на ден 04.05.2026 година Комисија составена од три члена ги има разгледано документите и има утврдено дека  по Јавениот оглас се пријавил само еден кандидат кој ги исполнува условите и со него е спроведено интервју од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието на ден 06.05.2026 година. По извршеното гласање на членовите на Училишниот одбор е донесен горенаведениот Предлог согласно со кој за  директор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево се предлага да биде избран кандидатот **Марина Синадиновски**.

Согласно  со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) пропишано е дека, градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно со член 92-а став 10 од Законот за средно образование („Службен весник на Р.М.“, Бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 67/17, 64/2018 и („Службен весник на Р.С.М. бр. 161/2019 и 229/2020), пропишано е дека  училишниот одбор на општинското средно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, до градоначалникот предлага еден кандидат за избор на директор. Согласно со  став 12 од истиот член е пропишано дека  градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор.

Врз основа на горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се вложи жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-1308/8
12.05.2026

ОПШТИНА   ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.